**Известување за концентрација со која Дуферко Италија Холдинг С.п.А., Италија ќе стекне единствена контрола над Комал С.п.А., Италија**

**(предмет бр. 08- 23 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24), на ден 23.01.2025 година) до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на единствена контрола од страна на Дуферко Италија Холдинг С.п.А. со регистрирано седиште на Виа Армандо Диаз, 248, 25010 Сан Зено Навиљо (БС), Италија над Комал С.п.А. со регистрирано седиште на Страда Статале Аурелиа, КМ 113, 00195 Монталто ди Кастро (ВТ), Италија, преку купопродажба на 100% од акционерскиот капитал.

**-Дуферко Италија Холдинг С.п.А**. е холдинг компанија на чело на италијанските активности на групацијата конвенционално наречена Групацијата Дуферко ("Групација Дуферко"). Активностите на Дуферко Италија се состојат од управување со корпоративни холдинзи.

-Дуферко Италија Холдинг С.п.А. има присуство во Северна Македонија преку следното претпријатие-ќерка:

-Друштво за трговија и услуги ДУФЕРЦО МК ДОО Скопје со седиште на бул. Свети Климент Охридски 52/1-2, Скопје, Центар, Северна Македонија и со основна дејност – трговија на електрична енергија.

**-Комал С.п.А.** е главно активно во областа на фабричко инженерство за производство на енергија од соларни извори и е специјализирано за изградба на фотоволтаични системи на земја.

-Комал С.п.А. не е присутно ниту генерира промет во Северна Македонија.

Релевантни пазари: Потенцијално релевантните пазари во контекст на Предложената трансакција се (i) пазарот за производство, интеграција и дистрибуција на фотоволтаични системи, (ii) пазарот за производство и маркетинг на компоненти за фотоволтаични системи и (iii) пазарот за производство и трговија на електрична енергија на големо.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

24.01.2025 година

Скопје